Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 98-та седница одржана на 11.01.2024 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата насловена како претставка, заведена под број 12-5603/1 од 12.12.2023 година, која се однесува на донесената одлука на Владата на РСМ за отпочнување постапка за доделување на концесија за користење вода за производство на електрична енегрија од хидроелектричните централи на Црна река, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно надлежно постапување.

Предметот со број 12-5603/1 од 12.12.2023 година, да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на познат подносител на ден 12.12.2023 година, поднесена е пријава насловена како претставка во која се укажува на загриженост од донесената одлука на Владата на РСМ за започнување на постапка за доделување на концесија за користење вода за производзство не електрична енерегија од хидроелектричните централи на Црна река, по што ДКСК оформи предмет број број 12-5603/1 од 12.12.2023 година.

Во доставената претставка се наведува дека со донесувањето на ваков акт би се загрозиле суверенитетот, територијалната целина и основите на економските односи определни со уставот, како и уредувањето на територијата за потребите од одбраната предвидени со планот за одбрана на републиката согласно одредбите од Законот за одбрана.

Подносителите на оваа претставка сметаат дека проектот за изградба на ХЕЦ „Чебрен" по пат на јавно-приватно партнерство е штетен и со него ќе се наруши електроенергетската независност на земјата и се дава на управување воден ресурс кој, како што посочуваат, е од исклучително значење.

Пријавата е насловена и до други институции, односно до Уставниот суд, Државното правобранителство, Државниот завод за ревизија, Јавното обвинителство и Бирото за јавни набавки.

Од институциите се бара да постапат согласно своите законски надлежности се со цел да се издејствува за да се донесе одлука процесот за потпишување на договорот за јавно приватно партнерство да се замрзне додека не се истражат, потврдат или опфатат сомнежите дека процесот на подготовката на понудата се води на начин да се фаворизира студија изработена од компанијата Ексергиа од Грција, а договорот е со грчката државна компанија PUBLIC POWER CORPORATION SA и ARCHIRODON GROUP N.V.

Со оглед дека заклучно со 31 декември 2023 година не пристигнало продолжување на банкарската гаранција од страна на избраниот понудувач на тендерот, од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање е истакнато дека согласно тендерската документација додека била активна банкарската гаранција понудувачот требало да пристапи кон договор за заедничко вложување со ЕСМ, но тоа не било сторено. Со тоа се поништува постапката за тендерот за изградба на ХЕЦ Чебрен.

Врз основа на наведеното ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за натамошно надлежно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изработил:П.Б
Одобрил: В.Г., Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk